ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-107/6
22.09.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **14.09.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Дали Општината го има донесено Предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година во законскиот рок?(детален опис на барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-107/1
2. Допис до Раководител на Одделение за административни и општи работи бр. 11-107/2 од 14.09.2023 година.
3. Допис до Раководител на Одделение за финансиски прашања бр. 11-107/3 од 14.09.2023 година.
4. Допис до Викторија Христовска бр. 11-107/4 од 14.09.2023 година.
5. Одговор од Раководител на Одделение за административни и општи работи , Раководител на Одделение за финансиски прашања и Викторија Христовска со бр. 11-107/5 од 22.09.2023 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 22.09.2023 година, под бр. 11-107/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА БИТОЛА

**Емилија Илиевска**

ев. бр. 1348/2023

Здружение за истражување и анализи ЗМАИ
Бр. 0306-028/23
12 09 2023 год.
СКОПЈЕ

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-09-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 107/1 | | |

**До:**
**Општина Битола**
**бул. 1-ви Мај бр. 61**
**7000, Битола**

## БАРАЊЕ
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр.98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен [redacted] активност реализирана од страна на [redacted].

[redacted] е го реализира мерење на индексот на отворени општини и за успешно спроведување на активноста има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. **Дали општината го има донесено Предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година во законскиот рок?**
2. **Дали Предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година е објавен на веб страната на општината?**
3. **Дали на веб-страницата на општината е објавен граѓански буџетот на општината за 2022 година, согласно донесениот буџет?**
4. **Дали општината користела социјални мрежи за да информира за буџетот во 2022 година? Доколку има, во прилог ставете ги линковите**
5. **Дали општината користела социјални мрежи/веб страна за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2022 година? Доколку има, во прилог ставете ги линковите**
6. **Дали општината во 2021 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог буџетот за 2022 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот**
7. **Дали општината објавила листа на добиени предлози од граѓаните за буџетот за 2022 година на својата веб страната? Ако да, во прилог ставете го линкот**
8. **Дали општината ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2022? Доколку се објавени, да се достави линк до објавата**
9. **Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2022 година? Ако да, наведете го датумот на спроведување на анкетата и бројот на опфатените испитаници**
10. **Дали општината има пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот? Доколку има, ве молиме споделете го линкот каде е објавена оваа одлука или прикачете ја Одлуката во pdf формат**
11. **Дали општината во 2021 година организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2022 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите**
12. **Дали буџетот на општината за 2022 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и? Ако да, која е таа буџетска програма и на која страна од буџетот се наоѓала?**

[redacted]

13. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022 година? Доколку има, наведете ги
14. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2022 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот
15. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековна и постојана резерва на буџетот за 2022 година, односно ги објавила намените за кои се реализирани овие средства? Ако да, во прилог ставете го линкот
16. Дали општината во целост ги објавила сите склучени договори и анекси по основ на јавни набавки за 2022 година? Доколку да, да се наведе линкот каде е објавена
17. Дали, според завршната сметка за 2022 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи? Ако да, ставете линк до објавата
18. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2022 година, а се насочени кон надминување на родови разлики во општината? Ако да, наведете го линкот до објавата

**Форма во која се бара информацијата:**

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго _______________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**
5) друго _______________

[redacted]

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за слободен пристап до информации од јавен карактер)

Датум: 12.09.2023

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Цветанка Ристевска
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-107/2
14.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-107/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Примил:

14.09.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Раководител на одделение финансиски прашања

Бр.11-107/3
14.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-107/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Примил
14.09.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Викторија Христовска

Бр.11-107/4
14.09.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-107/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

ВХ
14.09.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 22.09.2023
Организациона единица: 11 | Број: 107/5 | Прилог | Вредност

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување на
слободен пристап до информации од јавен карактер

Во координација со секторот за финансиски прашања и одговорните лица за ажурирање на информации на веб страната на општина Битола, како и спроведување на програмата за еднакви можности, во прилог Ви ги доставуваме следните одговори:

1. Во врска со првите две прашања, Ве известуваме дека предлог планот на програми за развој за фискалната 2022 година е донесен во законскиот рок и достапен на страна 14 на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2021/11/SluzbenGlasnik_20_2021.pdf.

3. Општина Битола започна со изготвување на граѓански буџет од 2022 за 2023 година. Истиот е објавен на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/gbudzet/.

4. Покрај веб страната и емаил комуникацијата, доставувањето на барања на традиционален начин, преку шалтер, општината ја користи и социјалната мрежа фејсбук за информирање за буџетот и повикување на учество на буџетски форуми (https://www.facebook.com/OpstinaBitola/posts/pfbid02Ww7i2Jy9zGdeV2E8nciB7Vix98K7vGz2dUm6Qs5AY6pPJ3nMrPhEdjUbPqDdEtBul?__cft__[0]=AZVhzVhb4id46Nkazx8Uj48F3lJEAQSdgoCZ_RdWvXhIUCgNOXfmH_kga7SeiSk3DturZYCwP9eFZzH7MVP24TeIO895aNjy3Aio2GpawxN5vOjzxs6QeIqXStUNcH1UL80&__tn__=%2CO%2CP-R, https://www.facebook.com/OpstinaBitola/posts/pfbid0DCU6HqfCx2G2QTbeYTMg3UCso6M8zBJrDUcfjFKs6vBfgZBwRPWfL6MXFqX6TByol?__cft__[0]=AZVpiNbSLkBEQOf8d7ORbc-JlvJp0knJqCiTnb2ixfgIi-Kr_z5UyTDP4e-iXs_oD2Me0ZCjinfY-cXknxuDDkfuCOfhdFAUE9ZFPtNtwOwAzk8I2fuhApmaJ4G7u7FUIYo&__tn__=%2CO%2CP-R

5. Во 2021 граѓаните предлозите ги доставуваа со писмени барања и по емаил, а во 2022 беа објавени повици и преку социјалната мрежа фејсбук, како и на отворените денови на градоначалникот https://www.bitola.gov.mk/?s=отворен ден на градоначалникот.

Во врска со прашањата 6, 7 и 8, Ве известуваме дека:
За 2022 беше објавен предлог буџетот, додека во 2022 за 2023 беа организирани форумски сесии со доставени предлози кои се вклопени во записниците на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/forumski_sesii_22/
https://www.bitola.gov.mk/?s=отворен ден на градоначалникот

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

9. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2022 година? Ако да, наведете го датумот на спроведување на анкетата и бројот на опфатени испитаници.
https://www.bitola.gov.mk/anketa_leap_1122/
https://www.bitola.gov.mk/anketi/
Резултати од спроведена анкета во 2023 година https://www.bitola.gov.mk/објавен-јавен-повик-за-доставување-на/
10. Дали општината има пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот? Доколку има, Ве молиме споделете го линкот каде е објавена оваа одлука или прикачете ја одлуката во пдф формат.
https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2023/09/P-7.2.4-budzet.pdf
11. Дали општината во 2021 година организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирањесо буџетот за 2022 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите.
**Програмата за социјална заштита на Општина Битола се донесува за секоја година и при нејзино креирање и реализирање како и при Социјалниот план на општината учество зема Општински совет за социјална заштита во кој членуваат лица претставници од општинската администрација, советот на Општина Битола, институции и ЗГ и религиозни заедници кои заедно како лица кои што се директно засегнати и запознати со одредени прашања ќе бидат во можност да го кажат своето мислење, но и да предложат решение за одредена ситуација кое што произлегува директно од нивното искуство во работата со што ќе се постигне една поголема ефикасност и ефективност во носењето и спроведувањето на одлуките поврзани со добробитта на сите но со посебно акцентирање на лицата од ранливи категории но состаноците/ средбите на кои се дискутира за утврдување на потребите и можностите за финансирање се отворени за јавноста односно секој кој има одреден предлог, проблем може да присуствува да даде свој придонес.**

**Во 2021 година во Општина Битола беше спроведено и Социјално мапирање на лицата од ранливи групи каде главната цел беше да обезбеди доволно податоци за социјалните ранливости и исклученоста на целните групи во општина Битола, односно да ги идентификува оние кои се карактеристични за одредена група на попреченост. Истражувањето се спроведе во периодот јуни – јули 2021 со метода на интервјуа лице в лице преку сет на прашања за проценка на структурата и составот на домаќинството, социо-економскиот статус, демографија, образование, вработување, специфични потреби, дискриминацијата, граѓанско учество и ранливоста на шокови, вклучувајќи природни опасности и ковид - 19. Вкупен број на испитаници кои учествуваа во истражувањето се 262 лица за да дополнително бидат спроведени и две фокус групи со лица со интелектуална попреченост и первазивни заболуања и лица кои се грижат за нив.**

12. Дали буџетот на општината за 2022 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и? Ако да, која е таа буџетска програма и на која страна од буџетот се наоѓала?

**Од буџетот на Општина Битола преку Програмата за социјална заштита во 2022 година се поддржани повеќе групи на ранливи лица/ маргинализирани лица меѓу кои и активности во насока на промоција на активна вклученост на старите лица во општествениот и социјалниот живот, згрижување на деца од загрозени семејства, на деца жртви на семејно насилство и деца со попреченост во детските градинки, инклузија на деца роми - месечен надоместок за градинка, финансиска поддршка за превоз до и од ОУ Ѓорѓи Сугарев/ посебна паралелка, одржливост регионален ресурсен центар за слепи лица, користење на јавен градски превоз за лица со посебни потреби, 0бразовни асистенти во срено училиште, негователи во градинки за деца со попреченост, едукатори кои работат со ромски деца и изучување на браево писмо за слепи лица кои покасно го загубиле видот, толкувачи на знаковен јазик, обука за лични асистенти на лица со попреченост, финансиска поддршка на лица со попреченост со цел адаптација на физичката пристапност во нивниот дом преку покривање на дел или целосно на трошоците, обезбедување на кариерно советување за образование на деца роми и нивните родители, промовирање на здравствената писменост на ромите од обучени здравствени медијатори и формирање на центри за здравствено образование на заедницата, интервентно згрижување на бездомни лица и лица во ризик, советодавна поддршка за оспособување на лица од ранливи категории, личен и професионален развој на ранливи групи, групна и индивидуална психосоцијална поддршка, обезбедување обуки и активности за интеграција на лицата од ранливи групи, според нивната функционалност на пазарот на трудот за подобрување на нивниот социоекономски статус и благосостојба, инклузија на лица со попреченост во културни и спортски настани, подготовка на стратегија за роми, и воспоставување на специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство со цел надминување на последиците и траумите од насилството и јакнење на самодовербата на жртвите. https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2022/02/SluzbenGlasnik_22_2021-%D1%81%D0%BE-%D0%BA%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B5%D1%87%D0%B5%D0%BD.pdf**

13. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2022 година? Доколку има наведете ги.

**Во прилог Ви ја доставуваме Програмата за еднакви можности, каде се наведени сите индикатори.**

14. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2022 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот?

**Општината ја претстави завршната сметка пред советниците на седница на Совет, а седниците се пренесуваат во живо на youtube каналот на општината и преку веб страната на општината.**

15. Дали општината објавила извештај за реализација ан средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2022 година, односно ги објавила намените за кои се реализирани овие средства? Ако да, во прилог ставете го линкот.

Да, извештајот е достапен на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2023/03/2.Годишен-извештај-на-Општина-Битола-за-2022-година.pdf.

16. Дали општината во целост ги објавила сите склучени договори и анекси по основ на јавни набавки за 2022 година. Доколку да, да се наведе линкот каде е објавена.
**Општина Битола, објавува План за јавни набавки, како и негови измени на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/godisen-plan-za-javni-nabavki-2022/, а договорите се достапни на овој линк https://www.bitola.gov.mk/оглас-за-постапка-за-јавна-набавка/.**
17. Дали, според завршната сметка за 2022 година, општината ги реализирала програмите за финанисрање на маргинализираните групи? Ако да, ставете линк до објава
**Да, извештајот е достапен на следниот линк**
**https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2023/06/SluzbenGlasnik_05_2023-1.pdf**
18. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2022 година, а се насочени кон надминување на родови разлики во општината? Ако да, наведете го линкот до објавата:
**Сите програми и проекти кои ги спроведува опшштина Битола, се родово сензитивни. Се посветува посебно внимание на родово одговорно буџетирање и овозможување на родова еднаквост.**

Раководител на одделение за административни и општи работи
Цветанка Ристевска

Раководител на Сектор за финансиски прашања
Благица Талевска

Помлад соработник – лице одговорно за родова еднаквост
Викторија Христовска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за еднакви можности за 2022 година

## ВОВЕД

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост, што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Битола (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Битола за 2022 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање на различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Програмата за еднакви можности на Општина Битола за 2022 година е изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026.

Општина Битола оваа Програма ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2022 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2022 година.

## ЦЕЛИ

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Битола во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година се:

- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Битола и преку

редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Битола за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување

- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискримнацијата врз основа на пол (во согласнст со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право

- зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење

- унапредување на заштита од насилство врз жени

- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени

- поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис

- Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање на Владата на Р.Македонија;

- Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;

- Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

- Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции

- Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на прввенцијата и заштитата од родово базирано насилство

- Родова сензибилизација на сопственици и менаџери на мали и средни претпријатија во Општина Битола за подигнување на свеста кај вработените за родоварта еднаквост
- Подготовка на стратешки и опертивни програми, правила и процедури како основа за работа на КЕМ во Општина Битола.
- Вкпучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство
- Отварање на советовалиште за жртви кои преживеале родово насилство, доделување на финансиски средства за домување на жени жртви во одреден период 6 до 12 месеци.
- Вклучување и информирање за можностите на невработени жени од Општина Битола во програмите и мерките на АВРСМ
- Економско јакнење на жените од Општина Битола со намалување на стапката на невработеност кај жените преку поголемо искористување на правата и можностите што ги нудат надлежните институции (АППРМ)
- Поттикнивање на активните урбани заедици во Општина Битола во создавање услови за едукација на жените од маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементиање на локални јавни политики

## ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните

- Медиумска афирмација

## ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ

---

Општина Битола во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација пристапи кон изработка на програма за еднакви можности 2022 година во следните области :

**Воведување на родов пристап во креирање политики**

- Обуки за родова интегрција на вработените и советот на ОБ
- Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот
- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата
- Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати

**Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките

**Родова еднаквост преку образование**

- Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта
- Премостување на родовиот јаз во технички науки
- Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство
- Таблети/компјутери или претплата за интернет за деца кои неможат да следат онлајн настава
- Поддршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители)

**Родова еднаквост преку култура**

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март
- Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички

**Родова еднаквост преку медиуми**

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување
- Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени.
- Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Подигање на свеста на средношколска та младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите

**Родова еднаквост преку социјална заштита**

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени
- Психосоцијално советувалиште и групи за поддршка (осаменост,насилство и сл.) - со невладини.

**Родова еднаквост преку спорт**

- Поддршка на женски фудбалски и кошаркарски клубови
- Едократна парична награда за женски спортски клубови

**Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

- Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе
- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација
- Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство
- Домување на жртви на семејно насилство
- Анализа на состојба на родовобазирано насилство и семејно насилство

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Подигнување на свеста на руралананат жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 )
- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување)
- Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка
- Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион

**Вкупен буџет за реализација на оваа програма е 2.050.000,00 ден учество на Општина Битола**

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2022

| | | **Воведување на родов пристап во креирање политики, унапредување еднаквите можности за пристап и корист на програмите од страна на мажите и жените** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |
| Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот (Родова анализа на програмите) | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците<br>Родова анализа на програми (3 секоја година) | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Листа на индикатори<br>Усвоена<br>Податоци собрани<br>Број на родово одговорни интервенции кои се воведени во програми |
| Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата | ОБ | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците и нивна обработка и примена<br>Собирање на родово-разделени податоци<br>Изготувување и печатење на инфографик со анализа од собраните податоци со преораки за подобрување | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Родово разделени статистички податоци за општинските институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати | КЕМ | Унапредување на перформанс индикатори и динамика на нивно следење<br>Воведување на родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување<br>Обука за родово одговорни индикатори | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати<br>Систем за следење на успех преку родови индикатори | 2022 | Нема финансиски импликации | Листа на перформанс индикатори<br>Формулари (родово сензитивни) усоени<br>Работилница оддржана<br>Број на учесници на работилница |
| Обука за родова интеграција и објава на граѓански родово одговорен буџет | Сектор за финансии<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>UN Women Сектор за финансии<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ | Обука за родова интеграција и составување граѓански родово одговорен буџет | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати | 2022 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | UN Women | | | | | |
| Родово одговорни мерки | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br><br>КЕМ<br><br>UN Women | Пилот родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, ЛЕР, животна средина, спорт, култура, комунални дејности, урбанизам, млади) | Да се зајакне учеството на жените | 2022 | Нема финансиски импликации | Број на родово одговорни мерки кои се воведени во програми |
| Родово одговорна постапка | Сектор за финансии<br><br>Сектор за јавни набавки Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br><br>UN Women | ОбукаРодово одговорни повици за граѓански организации јануари Обука Јуни 2021<br><br>Родово одговорни повици за граѓански организации јануари | Родово одговорна постапка на јавни набавки (критериуми) за проекти со НВО | 2022 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |
| Градење на капацитет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br><br>КЕМ<br><br>UN Women | Обука | Градење на капацитет за подготовка и објава на годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола | 2022 | Нема финансиски импликации | Објавен годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола, воведување родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и унапреди пристапот и користа од нив за мажите и жените | | | | | |
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Да се зајакне свеста за еднакви можности | 2022 | Нема финансиски импликации | Број на работилници<br>Број на учесници |
| Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Примена на прашалник со кои се проверува дали женската перспектива е вградена во одлуките | Да се зајакне учеството на жените | 2022 | Нема финансиски импликации | Прашалник применат |
| Промоција на родова еднаквост | Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | Роковник со цел промоција на силни жени од БТ | Унапредена свест за родова еднаквост | 2022 | 60.000 мкд | Број на роковници |
| **Разбивање на родовите стереотипи** | **Интерсекторска група за родово одговони** | **Анкета на јавно мислење (baseline)** | **Да се разбијат родовите стереотипи и** | 2022 | **150000 мкд** | **Број на жени мажи кои ги потврдуваат** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>НВО | | транформираат родовите улоги | | | родовите стереотипи |
| | Родова еднаквост преку образование | | | | | |
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |
| Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта | КЕМ<br>ЗГ | Истражување<br>Анализа на причините<br>Предлог мерки презентирани пред општината | Намалување на родова нееднавост во образование | 2022 | *25.000 МКД* | Анализа за причините спроведена |
| Обука за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | КЕМ<br>ЗГ | Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | Намалување на родова нееднавост и родово базирано насилство | 2022 | ***Програма за социјална заштита*** | број на обуки и учесници |
| | | | | 2022 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Премостување на родовиот јаз во технички науки | КЕМ<br>ЗГ<br>Бизнис сектор | Анализа на постигнувањата на момчиња и девојчиња во природни науки и математика<br>Родова анализа на транзација од средно во високо образование по струки<br>Серија на предавања / инспиративни говори на успешни жени во технички науки | Намалување на родова нееднавост во образование | 2022 | *25.000 МКД* | Анализа направена<br>Предавања оддржани<br>Број на посетители на предавања<br>Број на девојчиња кои се запишале на техничи науки |
| Таблети/компјутери или претплата за интернет за деца кои неможат да следат онлајн настава | КЕМ<br>ЗГ<br>Сектор за јавни дејности и информатичка технологија<br>Средни и основни училишта | Прибирање податоци за деца кои немаат услови да следат онлајн настава<br>Одредување на причината поради која не се во можност да следат онлајн настава – немање таблет / компјутер, немање интернет пристап | Намалување на бројот на деца кои се приморани да посетуваат физичка настава | 2022 | Програма градоначалник и сектор за јавни дејности и информатичка технологија,<br>донации | Број на деца вклучени<br>Број на таблети / компјутри доделени<br>Број на интернет претплати/ месеци обезбедени |
| Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) | КЕМ<br>ЗГ<br>ОБ | Анализа на образовните потреби на деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители<br>Подготовка на активости произлезени како приоритетни | Подобрување на образовниот процес за деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители | 2022 | *20.000 ден* | Број на деца вклучени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Средни и основни училишта | образовни потреби од анализата | | | | |
| | Родова еднаквост преку култура | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март<br><br>Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички | КЕМ<br><br>Одделение за јавни дејности<br><br>Совет на ОБ<br><br>ЗГ | Развивање на културна програма за овие настани<br><br>Организирање на настани | Подигање на свест за родова еднаквост | 2022 | Програма за култура | Организирани настан<br><br>Број на учесници |
| | Родова еднаквост преку медиуми | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување | КЕМ преку ЗГ | Медиумски покриена кампања<br><br>Широко распространета на социјални мрежи со споделени информации и корисни програми<br><br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата и ќе остварува контакт со жени жртви на семејно насилство за самовработување | јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис | 2022 | **20.000МКД** | Број на споделени информаци<br><br>Број на превземања на социјални мрежи<br><br>Број на жени со кои ќе се стапи во контакт |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Извештај | | | | |
| Дигитализација на микро-бизниси (услуги ) во сопственост на жени. \| | КЕМ<br>ЗГ | Ангажирање на лице кое ќе подготви веб платформа<br>Повик до бикро бизниси управувани од жени да земат учество во платформа | Создадена платформа за закажи термин за фризер/козметика, нарачај зеленчук/овошје со достава до дома | 2022 | **донатори** | Број на бизниси вклучени во платфоема |
| Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот | КЕМ<br>ЗГ | Медиумски покриена кампања<br>Широко распространета на социјални мрежи<br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата | Подигање на свест за родова еднаквост | 2022 | *15.000 МКД* | Објавен конкурс<br>Број на доставени стории |
| | **Родова еднаквост преку здравство** | | | | | |
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |
| Подигање на свест за репродуктивно здравје | Здруженија на граѓани<br>КЕМ<br>Доктори од ЦЈЗ | Спроведување на здравствена едукација за абортус, рак на дојка, простата и сл. | Подигање на свест | 2022 | *30.000 МКД* | Број на едукации<br>Број на учесници |
| Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите сексуално преносливите болести во | Здруженија на граѓани<br>КЕМ | Анкета за познавањата на младите за СПБ, предавања за | Подигање на свест | 2022 | *15.000 МКД* | Број на ученици кои се анкетирани и запознати со |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| насока на превенција на истите“ | Доктори од ЦЈЗ | СПБ во средни училишта, повторно анкетрање | | | | ризиците од СПБ и превенцијата од нив |
| | **Родова еднаквост преку социјална заштита** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>*ЗГ* | Истражување<br>Анализа и утрдување на критериуми за унапредување на родова еднаквост при доделување на социјалана помош од општината | Унапредување на родова еднаквост | 2022 | *////////* | Извештај<br>Измена на критериумите за доделување на помош |
| Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Здружение на пензионери | Организирање на обуки за собирање на податоци за потреби на трудовите инвалиди, самци и стари луге корисници на социјална помош КЕМ да подготви опис и критериуми на услугата а општина да организира тендерска процедура за ЗГ кои би ја спровела ова активност | Унапредување на родова еднаквост | 2022 | *20.000 МКД* | Извештај со конкретните потреби споделен до КЕМ |
| | **Родова еднаквост преку спорт и млади** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на женски клубови/ здруженија кои се натреваруваат во највисоките првенствени лиги од колективните спортови<br><br>Едократна парична награда за женски спортски клубови | КЕМ<br><br>Совет на ОБ<br><br>Градоначалник | Идентификација на клубовите<br><br>Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | Промоција на женски спорт; намалување на родови стереотипи | 2022 | **Програма за спорт и млади** | Број на клубови кои добиле парична награда |
| | **Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| | | | | | | |
| Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач<br><br>Анализа на потребите за обука<br><br>Развој на програма за обука<br><br>Доставување на обука<br><br>Извештај | Подигање на свест | 2022 | **20.000 ден** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |
| Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач<br><br>Анализа на потребите за обука<br><br>Развој на програма за обука<br><br>Доставување на обука<br><br>Извештај | Подигање на свест | 2022 | **20.000 МКД** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на состојба на Родовобазирано насилство и семејно насилство | Општина Битола, ЗГ, МТСП, ЦСР, МВР | Поддршка на изработка на анализа на состојбата со РБН и СН во Општина Битола и подготовка на извештај | Следливост на состојбата во текот на годините | 2022 | 30,000.00 | изготвен завршен извештај |
| Домување за жртви на семејно насилство | Општина Битола | Помош и поддршка при домување во услови на изнајмен дом за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина | Финансиска поддршка од 5000 денари месечно за лица жртви на семејно насилство наменета за покривање на трошоци на закупнина на живеалиште (стан, соба, итн.) во период до 12 месеци.<br>Наменета за жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина.<br>- го пријавиле насилството во центарот за социјална работа;<br>- немаат живеалиште на свое име и не можат да обезбедат живеалиште поради невработеност или ниски примања или;<br>- не можат да обезбедат домување кај | 2022 | 500,000.00 | Број на лица кои користат фин подршка за домување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | примарното или поширокото семејство;<br>- не се во ризик од идно насилство и/или,<br>- биле сметени во шелтер центар (засолниште) и по напуштање на шелтерот не можат да обезбедат сопствено живеалиште; | | | |
| Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство | Општина Битола, Министерства,донатори | Воспоставување на специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство со цел надминување на последиците и траумите од насилството и јакнење на самодовербата на жртвите. Јавен повик за избор на ЗГ кое ќе го менаџира советовалиштето. | Зајакнување на лица жртви на насилство | 2022 | 1.000.000,00 | Број на ЗГ вклучени<br>Воспоставен советувалишен центар за жртви на семејно насилство<br>Изготвена програма за економско јакнење на лица во социјален ризик<br>Изготвена програма за психосоцијална поддршка на жени жртви на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | семејно насилство<br><br>Број на лица (поделени по род и социјален ризик) вклучени во програмата кои добиле психосоцијална поддршка и советување<br><br>Број на лица (поделени по род и социјален ризик) кои биле вклучени во обуки |
| | Родова еднаквост и економското јакнење на жената | | | | | |
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |
| Подигнување на свеста на рураланат жена | КЕМ | Обележување на 15 октомври – меѓународниот ден на руралната жена (дебата)<br><br>Едукација за промените во програмата за ИПАРД | Економско јакнење на руралната жена | 2022 | **10.000 ден** | Одржана дебата<br><br>Број на присутни жени од руралните средини |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Зајакнување на економската положба на жена во рурални подрачја | | | | Број на одржани едукативни средби |
| Климатските промени и влијаните врз земјоделието | КЕМ<br>МТСП | Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | Навремено спречување и заштита на земјоделските површини од климатски промени | 2022 | 40.000 ден | Број на реализирани обуки<br>Број на учесници |
| Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 ) | КЕМ<br>Одд. за ЛЕР<br>АВРСМ<br>АППРМ<br>Битола стартап центар | Отворени денови<br>Промоција<br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2022 | Програма за ЛЕР | Број на изложувачи и број на посетители<br>Број на обуки и број на слушатели<br>Број на ѓени кои отвориле сопствен бизнис |
| Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување) | ЗГ<br>КЕМ<br>АВРСМ | Отворени денови<br>Промоција<br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2022 | 20.000 ден | Број на промотивни настани и број на слушатели |
| | Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка | | | | | |
| *Активност* | *Одговорни* | *Опис на активност* | *Цел* | *Време* | *Финансиски Ресурси* | *Индикатори* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион | КЕМ | Работни средби<br>Панел дискусии<br>Обуки | Јакнење на капацитетите на локалните комисии и реализиација на заеднички активности и проекти | 2022 | **30.000 ден** | Број на реализирање настани , проекти, обуки и сл. |

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2022

| Реден број | | Датум на реализација | Институција | ставка | Износ (Денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | реализација на проекти за ЕМ / советовалиште за ЖСМ | 2022 | ЗГ | 463110 | 1.340.000 ден |
| 2 | Консултански услуги | 2022 | ЗГ/консултантска куќа | 425970 | 150.000 ден |
| 3 | Печатење(роковници) | 2022 | | 425920 | 60.000 ден |
| 4 | Домување жртви семејно | 2022 | Физички лица | 425990 | 500.000 |
| | Вкупно | | | | 2.050.000 ден |

Бр.09-156/36
27.12.2021 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска